РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1400
30.08.2017 година
С К О П Ј Е

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" -СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
С К О П Ј Е

| Примено: 12-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | - 109 | /19 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, Компјутерско хардверско инженерство и електротехника, Електроенергетски системи, Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија, Електроенергетика, управување и менаџмент, Телекомуникации и информациско инженерство и Компјутерски техологии и инженерство на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, Компјутерско хардверско инженерство и електротехника, Електроенергетски системи, Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија, Електроенергетика, управување и менаџмент, Телекомуникации и информациско инженерство и Компјутерски техологии и инженерство на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 08-109/18 од 19.07.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1400 од 20.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, Компјутерско хардверско инженерство и електротехника, Електроенергетски системи, Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија, Електроенергетика, управување и менаџмент, Телекомуникации и информациско инженерство и Компјутерски техологии и инженерство на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиени Решенија за акредитација бр. 17-51/5 од 12.07.2017 година, бр. 17-51/7 од 12.07.2017 година, бр. 17-51/3 од 22.06.2017 година, бр. 17-51/2 од 22.06.2017 година, бр. 17-51/4 од 22.06.2017 година, бр. 17-51/8 од 12.07.2017 година и бр. 17-51/6 од 12.07.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1400 од 17.08.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.08.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1400 од 23.08.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, Компјутерско хардверско инженерство и електротехника, Електроенергетски системи, Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија, Електроенергетика, управување и менаџмент, Телекомуникации и информациско инженерство и Компјутерски техологии и инженерство на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити